Врз основа на членот 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ" бр.5/02), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 10.12.2013 година, донесе

# ПРОГРАМА

за други комунални услуги,третман на кучиња скитници и други нерегистрирани кучиња во 2014 година

I

Со оваа Програма за други комунални услуги третман на кучиња скитници и други нерегистрирани кучиња се предвидуваат обемот на предвидените работи и работни задачи и условите кои треба да ги исполни давателот на услугата.

**Воведен дел**

Општина Кочани како и останатите општини во Републиката се соочуваат со сè поизразениот проблем со кучињата скитници кои претставуваат опасност за населението и една лоша слика за градот и општината.

Со цел за решавање на проблемот со кучињата скитници во општина Кочани ќе се преземат одредени активности од страна на Локалната самоуправа, а во соработка со КЈП „ Водовод" - Кочани.

Со оглед на тоа дека КЈП „Водовод" не е во состојба да ги исполни техничките, кадровските, просторните и други барања предвидени со законот за благосостојба на животните и Правилникот за техничките услови за прифатилиштата, условите за чување на животните во прифатилиштата како и постапките за еутаназијата („Службен весник" бр. 141 од 25.10.2010), КЈП „Водовод" по пат на јавна набавка ќе избере најповолен понудувач оспособен за вршење на оваа дејност.

**Финансиски план за реализација на програмата**

1. Потребни се средства во износ од 300.000,00 ден за ангажирање на фирма за ловење (фаќање) на кучињата скитници, превоз, нивно сместување во соодветни простории, хранење и понатамошен третман (давање на посвојување, еутаназија, стерилизација, вакцинација и дехелминтизација т.е. обеспаразитирање и слично) на 50 кучиња скитници.

Фактичката вредност за извршената услуга ќе се утврдува периодично во присуство на претставник од Локалната самоуправа и КЈП „Водовод" Кочани согласно со бројот на кучињата кои се заловени и третирани.

II

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани".

Бр.07-2797/1
10.12.2013 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани,
Иван Иванов